**КЛИМАТОТЕРАПИЈА**

Медицинската климатологија го проучува влијанието на времето и климата на човечкиот организам. Тоа влијание може да биде поволно и кога се користи за профилакса и лекување зборуваме за климатопрофилакса, односно климатотерапија. Климатопатологијата го проучува влијанието на климата на појава на заболувања и одговара на географска патологија, додека метеоропатологијата го проучува влијанието на временските услови на појава на заболувања.

Време е физичка состојба на долниот слој на атмосферата над одредена област во одреден момент или краток период. Клима е средната состојба на долниот слој на атмосферата над одредена област во подолг период. Времето е променливо, а климата е релативно константна и бавно се менува.

Климатските фактори според своето потекло се делат на атмосферски или метеоролошки, космички и земни.

Атмосферски фактори се:

- температура-влијанието зависи од влажноста и ветерот, нагли топлотни промени се поштетни од екстремни температури
- влажност-влијае во смисла на прегревање и разладување
- движење на воздухот (ветер) - дејствува разладувачки преку зголемување на оддавањето на топлина
- атмосферски притисок-нагли промени на притисокот кои настануваат при промена на времето може кај сензибилни лица да предизвика метеоропатски промени
- облачност, врнежи, атмосферски електрицитет, физичко-хемиски својства на воздухот.

Космички фактори се:

- сончева радијација, космичка радијација, промена на ден и ноќ, промена на годишните времиња.
- Земни фактори се:
- Земјен магнетизам, радиоактивност, географска положба на местата, растителен свет, вода (море, езеро, реки).
- Климатските фактори делуваат непрекинато на човечкиот организам. Организмот се прилагодува (аклиматизира) и воспоставува динамичка рамнотежа.

Ако човек премине во климатска средина со други карактеристики, реакцијата на прилагодување (аклиматизација) делува биопозитивно и на тоа се базира терапиското дејство на климата. Ако оваа реакција ги преминува адаптивните можности на организмот настанува дисадаптација со негативно дејство.

При промена на времето во сите климатски зони,може кај предиспонирачки лица да се јават метеоропатски реакции. Најчесто тоа се: болки во лузни, реуматски тегоби, мигрена, неуралгии, стегање во градите, варирање на крниот притисок, напади на астма.

**Д-рТрајанка Димитријеска, Спец.по физикална медицина и рехабилитација**